Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Сто шеесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 ноември 2019 година

Скопје, ноември 2019 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто шеесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 ноември 2019 година**

Седницата започна во 12:55 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки и членовите на Владата на Република Северна Македонија Владата м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Нина Ангеловска, министер за финансии, д-р Венко Филипче, министер за здравство, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Хисен Џемаили, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура.

На седницата присуствуваа и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски и членовите на Владата д-

р Рената Дескоска, министер за правда, Хусни Исмаили, министер за култура, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-буџет на Република Северна Македонија за 2020 година

2. Предлог -закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година

3. Предлог-програма за изменување и дополнување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Македонија за 2019 година

4. Информација со Предлог-одлука за купување и адаптација на простор во новото седиште на НАТО во Брисел за потребите на Мисијата на Република Северна Македонија при НАТО

5. Информација за потребата од набавка и инсталација на медицинска опрема, медицински и немедицински инвентар за потребите на Јавните здравствени установи во Република Северна Македонија

6. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.127/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 229 став 1 во делот „на лиценца", член 229 став 8 во делот „ставот (1) на" и на член 231 став 16 во делот „за користење и располагање со стварите на државните органи" од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 37/2016, 20/2019, 101/2019, 153/2019 и 180/2019).

7. Иницијатива поднесена од адвокат Еленко Миланов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.137/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 96 став 4 од Законот за Судскиот совет на

Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.83/2018) и на член 72 став 3 во делот: „ценејќи ја законитоста на постапката", како и на став 4 во делот: „во случај на груба повреда од одредбите за постапката" од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/2019)

8. Понуда од нотар Зафир Хаџи - Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.111601 за КО Центар 1 на КП бр.10916/1 и КП бр.10916/3 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111602 за КО Центар 1 на КП бр. 10918/1 и КП бр. 10918/3, викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр.111604 за КО Центар 1 на КП бр. 10939, викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111599 за КО Цнетар 1 на КП бр. 10922/1 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111587 за КО Центар 1 на КП бр. 10914/2, КП бр. 10914/6, КП бр. 10914/7 и КП бр. 10914/8 викано мсто И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111600 за КО Центар 1 на КП бр. 10923/1 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111592 за КО Центар 1 на КП бр. 10911/9 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр.111590 за КО Центар 1 на КП бр. 10941/2, КП бр. 10941/4 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111596 за КО Центар 1 на КП бр. 10917/1 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111586 за КО Центар 1 на КП бр. 10901/6 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111579 за КО Центар 1 на КП бр. 10914/5 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111583 за КО Центар 1 на КП бр. 10913/16, КП бр. 10913/25, КП бр.10913/26 и КП бр. 10913/30 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111591 за КО Центар 1 на КП бр. 10915/3 и КП бр. 10915/5 викано место И.Р.Лола и Имотен лист бр. 111581 за КО Центар 1 на КП бр. 10915/2

9. Кадровски прашања

10. Прашања и предлози

11. Информација со акциски план на проектот „Изградба на нов објект Поликлиника Сарај" при ЈЗУ Здравствен дом -Скопје и одобрување на динамика на плаќање

12. Предлог-одлука за распределба на средства обезбедени во потпрограма 30-Урбанизам и градежништво, ставка 488-Капитални дотации во ЕЛС во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2019 година

13. Предлог-одлука за распределба на средства обезбедени во потпрограма 31-Санација на свлечишта, ставка 488-Капитални дотации во ЕЛС во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2019 година

14. Предлог-одлука за распределба на средства обезбедени во потпрограма 20-Сообраќај и комуникации, ставка 488-Капитални дотации во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2019 година

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Предлог-буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година и согласно отворените прашања, заклучи да се направат дополнителни усогласувања по истиот и повторно да се разгледа на седницата на Владата, што ќе се одржи на 13 ноември 2019 година (среда).

**Точка 2**

Владата заклучи Предлог-законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година да се разгледа на седницата на Владата што ќе се одржи на 13 ноември (среда) 2019 година.

**Точка 3**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за купување и адаптација на деловен простор во седиштето на НАТО во Брисел за потребите на Мисијата на Република Северна Македонија при НАТО, со Предлог-одлука и го усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за купување со непосредна спогодба на недвижни ствари во седиштето на НАТО во Брисел за потребите на Мисијата на Република Северна Македонија при НАТО, во предложениот текст.

2. Се задолжува Министерството за одбрана, во соработка со Министерството за надворешни работи, од својот буџет (раздел 05001, Потпрограма 50, ставка 424 во вкупен предвиден износ од 144.000.000 денари) да ги покрие трошоците за исплата на аванс за адаптација на деловен простор во седиштето на НАТО во вкупен износ од 559.200 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата, во согласност со роковите од официјалната понуда на НАТО бр. ЕМ (2019) 0436 од 9.10.2019 година.

3. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана, Дирекцијата за безбедност и класифицирани информации и Центарот за управување со кризи, а се укажува на Агенцијата за национална безбедност, да склучат спогодба за плаќање на режиски трошоци за користење на купениот деловен простор од свои буџетски средства, во согласност со процентуални износи на нивната квадратурна партиципација во канцеларискиот простор.

4. Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја информира Владата за исходот на реализираните активности кои произлегуваат од имплементацијата на донесената Одлука, најдоцна до 20 декември 2019 година, а по потреба и порано.

## Точка 5

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата од набавка и инсталација на медицинска опрема, медицински и немедицински инвентар за потребите на Јавните здравствени установи во Република Северна Македонија на предлог на д-р Венко Филипче, министер за здравство, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за здравство да се усогласи со Министерството за финансии.

## Точка 6

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.127/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 229 став 1 во делот „на лиценца", член 229 став 8 во делот „ставот (1) на" и на член 231 став 16 во делот „за користење и располагање со стварите на државните органи" од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 37/2016 и 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019, 153/2019 и 180/2019), поднесена од Игорчо Точев од Кочани и притоа го утврди следново мислење:

1. Подносителот на Иницијативата ја оспорува уставноста на делот „на лиценца" од членот 229 став 1 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016 и 37/2016) упатувајќи на членот 15 точка 18 од („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016 и 37/2016), каде е дефинирано дека „Лиценца за работа" е јавна исправа која ја докажува стручната обученост на здравствениот работник за вршење на здравствени услуги. Исто така, подносителот наведува дека одредбата од членот 229 став 1 од законот е со наслов „Концедент" и е поместена во глава IX со наслов „КОНЦЕСИИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ДЕЈНОСТ ВО МРЕЖАТА НА ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ". Согласно претходното на подносителот не му е јасно за каков вид на лиценца станува збор имајќи предвид дека во останатите ставови од членот 229 од законот се пропишува постапка за доделување на концесија.

Од наводите на подносителот е јасно дека истиот не ги има предвид сите измени на Законот за здравствената заштита.

Во основниот текст на Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2012) насловот пред членот 229 гласи „Концедент" а ставот (1) гласи: „Концедент е Република Македонија, а постапката за доделување на концесијата ја води

Министерството за здравство.“ И во понатамошните ставови од членот 229 законот упатува на постапка за доделување на концесија.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/2012) во членот 4 е утврдено дека „Насловот пред членот 229 се менува и гласи: „Доделување на лиценца“.

Со членот 5 од цитираните измени на законот е утврдено дека во членот 229 став (1) се менува и гласи: „Постапката за доделување на лиценца ја води Министерството за здравство.“

Исто така, треба да се има предвид и дека со членот 11 од цитираната измена на законот, низ целиот текст на законот зборот „концесија“ се заменува со зборот „лиценца“, зборот „концесијата“ се заменува со зборот „лиценцата“, зборот „концесии“ се заменува со зборот „лиценци“, зборот „концесионери“ се заменува со зборовите: „носители на лиценца“, зборот „концесионерите“ се заменува со зборовите: „носителите на лиценца“, зборот „концесионер“ се заменува со зборовите: „носител на лиценца“, зборот „концесионерот“ се заменува со зборовите: „носителот на лиценца“ и зборовите „концесискиот надоместок“ се заменуваат со зборовите: „надоместокот за лиценца“.

Согласно претходното, наводите на подносителот кои се однесуваат на насловот „Концедент“ и насловот на главата IX се однесуваат на одредби кои се изменети уште во 2012 година, со Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/2012).

Од друга страна, треба да се прави разлика помеѓу членот 15 точка 18 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016 и 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019, 153/2019 и 180/2019), каде е дефинирано дека „Лиценца за работа“ е јавна исправа која ја докажува стручната обученост на здравствениот работник за вршење на здравствени услуги и лиценците за вршење на здравствена дејност во мрежата на здравствени установи која е дефинирана во главата IX со наслов „ЛИЦЕНЦИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ДЕЈНОСТ ВО МРЕЖАТА НА ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ“ и која согласно член 227 став (1) од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016 и 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019, 153/2019 и 180/2019) кој гласи: „Здравствени установи кои ги исполнуваат условите утврдени со овој закон можат да вршат здравствена дејност на примарно, секундарно и терцијарно ниво во мрежата само врз основа на лиценца за вршење на здравствена дејност во мрежата на здравствени установи“, се однесува на вршењето на здравствена дејност во мрежата на здравствени установи.
Согласно претходното, доколку се имаат предвид сите измени на законот јасно е дека станува збор за различни видови на лиценци во членот 15 точка 18 и во главата IX со наслов „ЛИЦЕНЦИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ДЕЈНОСТ ВО МРЕЖАТА НА ЗДРАВСТВЕНИ

УСТАНОВИ" и дека цитираните одредби се јасни и прецизни и дека се во согласност со начелото на владеење на правото пропишано со Уставот на Република Северна Македонија.

2. Подносителот на Иницијативата ја оспорува уставноста и на членот 229 став (8) во делот „ставот (1) на" од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016 и 37/2016) каде е предвидено дека: „Комисијата од ставот (1) на овој член се состои од претседател, заменик-претседател и најмалку три члена и нивни заменици" бидејќи упатува на став (1) каде не е предвидена комисија.

Од содржината на членот 229 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016 и 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019, 153/2019 и 180/2019), а особено од ставот (7) на цитираниот член кој гласи: „Постапката за доделување на лиценца ја подготвува, организира и спроведува комисија за спроведување на постапката за доделување на лиценца (во натамошниот текст: комисијата), формирана од страна на министерот за здравство", е јасно дека станува збор за комисијата за спроведување на постапката за доделување на лиценца од ставот (7), бидејќи целиот член 229 се однесува на една постапка - за доделување на лиценца и за една комисија - за спроведување на постапката за доделување на лиценца.

Согласно претходното, наводите на подносителот дека оспорената одредба на членот 229 став 8 во делот „ставот (1) на" од Законот за здравствена заштита е нејасна и доведува до забуна во примена на одредбата, кое нешто не е во согласност со начелото на владеење на правото пропишано со Уставот на Република Северна Македонија, се неосновани бидејќи од целиот текст на членот е јасно дека во прашање е една постапка и една комисија, за доделување на лиценца.

3. Подносителот на Иницијативата ја оспорува и одредбата од член 231 став (16) во делот „за користење и располагање со стварите на државните органи" од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016 и 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019, 153/2019 и 180/2019).

Со цитираната одредба е предвидено дека: „На постапката за давањето на просторот или опремата под закуп од ставот (11) на овој член се применуваат соодветно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи кои се однесуваат на издавање под закуп на недвижни и подвижни ствари со јавно наддавање, доколку поинаку не е утврдено со овој закон.".

Подносителот наведува дека со стапувањето во сила на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост

(„Службен весник на Република Македонија" бр. 78/2015) , престанал да важи Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/2005, 150/2007, 35/2011, 166/2012, 137/2013, 188/2013, 27/2014 и 180/2014).

Сепак, треба да се има предвид дека Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2012) е донесен во 2012 година и во времето на неговото донесување во важност бил Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/2005, 150/2007, 35/2011, 166/2012, 137/2013, 188/2013, 27/2014 и 180/2014) и затоа оспорената одредба се однесува на цитираниот закон, а измената на прописот со кој се регулира користењето и располагањето со стварите на стварите во државна сопственост е настаната по донесувањето на Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2012).

Од друга страна, треба да се знае дека Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/2015, 106/2015, 153/2015, 190/2016 и 21/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019), во членот 1 став (2) предвидува дека: „Со овој закон се уредуваат и правата и должностите на правните лица основани од државата во однос на користењето на недвижни и движни ствари, размената на недвижни и движни ствари, продажбата и давањето во закуп на движни ствари во државна сопственост". Ова значи дека истиот претставува пропис со кој на општ начин се уредува помеѓу другото и издавање под закуп на недвижни и подвижни ствари во јавните здравствени установи, како правни лица основани од државата, а со одредбите од Законот за здравствената заштита во членот 231 е уредено она што е специфично за издавањето под закуп на недвижни и подвижни ствари во јавните здравствени установи и на тој начин во целост е регулирана предметната материја со двата цитирани прописи.

Исто така, со членот 74 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/2015, 106/2015, 153/2015, 190/2016 и 21/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), не е во целост ставен вон сила Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/2005, 150/2007, 35/2011, 166/2012, 137/2013, 188/2013, 27/2014 и 180/2014), бидејќи членот 73 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/2015, 106/2015, 153/2015, 190/2016 и 21/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) предвидува дека: „Започнатите постапки за давање, за престанок и давање на користење, размена, продажба и закуп на недвижни и движни ствари, до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат според законот по кој се започнати".

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за

поведување на постапка за оценување на уставноста на член 229 став 1 во делот „на лиценца", член 229 став 8 во делот „ставот (1) на" и на член 231 став 16 во делот „за користење и располагање со стварите на државните органи" од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 37/2016 и 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019, 153/2019 и 180/2019), поднесена од Игорчо Точев од Кочани, односно да ја одбие како неоснована.

## Точка 7

Владата ја одложи од разгледување Иницијативата од адвокат Еленко Миланов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.137/19 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 96 став 4 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.83/18) и на член 72 став 3 во делот: „ценејќи ја законитоста на постапката", како и став 4 во делот: „во случај на груба повреда од одредбите за постапката" од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/19) за наредната седница на Владата поради потребата Министерството за правда и Секретаријатот за законодавство да достават обединето (заедничко) мислење по истата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

## Точка 8

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи - Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.111601 за КО Центар 1 на КП бр.10916/1 и КП бр.10916/3 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111602 за КО Центар 1 на КП бр. 10918/1 и КП бр. 10918/3, викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр.111604 за КО Центар 1 на КП бр. 10939, викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111599 за КО Цнетар 1 на КП бр. 10922/1 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111587 за КО Центар 1 на КП бр. 10914/2, КП бр. 10914/6, КП бр. 10914/7 и КП бр. 10914/8 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111600 за КО Центар 1 на КП бр. 10923/1 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111592 за КО Центар 1 на КП бр. 10911/9 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр.111590 за КО Центар 1 на КП бр. 10941/2, КП бр. 10941/4 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111596 за КО Центар 1 на КП бр. 10917/1 викано место М.Т.Гологанов, Имотен лист бр. 111586 за КО Центар 1 на КП бр. 10901/6 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111579 за КО Центар 1 на КП бр. 10914/5 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111583 за КО Центар 1 на КП бр. 10913/16, КП бр. 10913/25, КП бр.10913/26 и КП бр. 10913/30 викано место И.Р.Лола, Имотен лист бр. 111591 за КО Центар 1 на КП бр. 10915/3 и КП бр. 10915/5 викано место И.Р.Лола и Имотен лист бр. 111581 за КО Центар 1 на КП бр. 10915/2 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 9**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 10**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за проектот „Изградба на нов објект Поликлиника Сарај“ при ЈЗУ Здравствен дом - Скопје и одобрување на динамика на плаќање, со Акциски план и притоа заклучи:

- Ја усвои Информацијата за проектот „Изградба на нов објект Поликлиника Сарај“ при ЈЗУ Здравствен дом - Скопје и одобрување на динамика на плаќање, со акциски план и ја одобри динамиката на плаќање на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019, 2020 и 2021 година и тоа:

- 2.000.000,00 денари во 2019 година, согласно обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година,
- 30.000.000,00 денари во 2020 година (во рамките на веќе утврдениот буџет на Министерството за здравство) и
- 30.000.000,00 денари во 2021 година.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за распределба на средства обезбедени во потпрограма 30-Урбанизам и градежништво, ставка 488-Капитални дотации во ЕЛС во буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја донесе Одлуката за распределба на средства обезбедени во потпрограма 31-Санација на свлечишта, ставка 488-Капитални дотации во ЕЛС во буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја донесе Одлуката за распределба на средства обезбедени во потпрограма 20-Сообраќај и комуникации, ставка 488-Капитални дотации во ЕЛС во буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2019 година, во предложениот текст.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:00 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
| --- | --- |
| **д-р Драги Рашковски** | **Зоран Заев** |